**УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ, СКОПЈЕ**

Трета Македонска Бригада, бр. 60

# Б И Л Т Е Н

## НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ, СКОПЈЕ

**Бр. 5**

**Скопје, 12.07.2019 година**

**Издание на УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој, Скопје**

Главен и одговорен уредник:
*Д-р Марина Андева*

Печати:
*УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој, Скопје*

Тираж:
*20 Примероци*

# БИЛТЕН Бр. 05

## СОДРЖИНА

**Стр. 4**

**РЕФЕРАТ**
за избор на еден истражувач во сите наставно- научни звања од научна област маркетинг на Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје – Надица Јовановска Бошковска

# Р Е Ф Е Р А Т
## за избор на еден истражувач

## во сите наставно- научни звања од научна област маркетинг на Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје

Со одлука број 02-12/3 од 07.06.2019 година на Советот на Институтот за претприемништво и лидерски развој – Скопје, определени сме за рецензентска комисија за избор на истражувач во сите научни звања од научна област маркетинг.

Во врска со тоа, а по проучување на соодветната документација, го поднесуваме следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник во сите научни звања од научна област маркетинг, објавен на 26.04.2019 година во весникот „Независен весник“ се пријави д-р Надица Јовановска Бошковска.

Заедно со пријавата, кандидатот ги достави сите потребни документи согласно објавениот конкурс.

### I. Биографски податоци

Д-р Надица Јовановска Бошковска е родена на 07.12.1980 година во Скопје. Во 1999 година завршува средно образование во ДСУ „Орце Николов„ во Скопје на општиот гимназиски смер. Во 2003 завршува високо образование, додипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје на смерот економија. Во 2006 година завршува последипломски студии по економија на Европска унија и меѓународни финансии, на Универзитетот Тор Вергата во Рим, Италија. Во 2013 година завршува докторски студии на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј со докторска теза со наслов „Територијален маркетинг- стратешки елемент на развојот„ со што стекна академски степен доктор на науки од областа на економските науки.

### а) Работно искуство

Д-р Надица Јовановска Бошковска има повеќе од 15 години работно искуство во приватниот и државниот сектор како и во образованието. Своето стекнато практично знаење и теоретското познавање го имплементира на

различни позиции започнувајќи како аналитичар за истражување на пазарот во Телеком МК (Deutsche Telekom Group), каде беше одговорна за спроведување на истражување на пазарот на резиденцијалните корисници кои користат фиксна телефонија и интернет. Воедно беше назначена како лидер на тимот за имплементација на “churn” процесот во компанијата (следење на однесувањето на потрошувачите кои ја напуштаат компанијата и дизајнирање на процес за нивно задржување). Одовде, Д-р Бошковска заминува на позиција маркетинг менаџер во Продукција Перспектива, компанија за outdoor advertising. Во март 2013 година во рамки на проектот за Зајакнување на земјоделството и и пристап кон ЕУ финансиран од Светската Банка, Д-р Јовановска Бошковска е назначена за Проектен Менаџер. Таа успешно го спроведува проектот во времетраење од 6 години, каде како менаџер под неа раководи со тим од 4 луѓе дел од проектната единица. Со нејзиното инволвирање во активностите на Светската Банка, таа постојано соработува со Владата на Северна Република Македонија и други меѓународни институции и донатори при што ги координира сите релевантни процеси. Одовде, Светската Банка како донатор на проектот за градење на Инструмент за осигурување од катастрофални ризици во југоисточна Европа (регионален проект имплементиран во рамки на С. Македонија, Албанија и Србија преку кој се основа и Швајцарската реосигурителна компанија Европа РЕ), по успешното спорведување на истиот ја назначува Д-р Надица Јовановска Бошковска за директор на претставништвото за С. Македонија, на која позиција е сеуште.

Во текот на нејзинот работно искуство работи и како консултант за припрема на проекти пред се финансирани од USAID односно за Carana Corporation за припрема на апликацијата за проектот: USAID Macedonian Competitiveness Activities project 2.

Д-р Јовановска Бошковска во Септември 2006, започна да предава како експерт од пракса на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Факултет за деловна администрација каде ги покриваше предметите: Истражување на пазарот, Меѓународен маркетинг, Маркетинг на услужна дејност, Однесување на потрошувачите и Развој и политика на производ. На факултетот беше ангажирана 6 години односно се до нејзиното заминување на едногодишен престој во Соединетите Американски Држави како добитник на Humphry Fellowship програмата. За време на нејзиниот престој во САД, во период февруари -април работи како консултант за развој на стратегија за земјоделство и рурална политика на Молдавија во Светската Банка во Вашингтон.

Од Јуни 2017 година започнува да работи како експерт од пракса на Факултетот за деловна економија при Универзитетот Американ Колеџ во Скопје на предметот Маркетинг истражување на македонски и англиски јазик.

**б) Други активности:**

Член е на Ротари Клуб Скопје – Интернешнал.

Од јануари 2019 година се вклучува во Здружението за регионален развој, Балкан Економик Форум (БЕФ) невладина организација каде е одговорна за имплементација на проекти со образовен карактер односно раководи со позицијата “International Education and Training”.

Во периодот 2012-2013 година во рамки на Humphry Fellowship програмата финансирана од страна на Соединетите Маерикански Држави, посетува истражувачка non-degree програма на Корнел Универзитетот во Итака, државата Њу Јорк, САД каде работи и како дел од тимот на Факултетот за земјоделство во делот на маркетингот.

Во 2009-2010 година е дел од едногодишната политичка школа во рамки на Советот на Европа под наслов: University for Democracy of the Schools of Political Studies of the Council of Europe.

**в) Дополнителни усовршувања**

Обуки:

- Market Research training - Academic Training Association, Подгорица, Црна Гора
- Project Management in World Bank financed Projects: control of project delivery (time, scope, procurement, budget and resources) - international Labour Organisation, International Training Centre, Торино, Италија
- Procurement Strategy Development - UNDP, Копенхаген, Данска
- Project Cycle Management- International Training Canter ILO, Торино, Италија
- Project Leadership - School of Civil and Environmental Engineering, Cornell University, САД
- Marketing Strategy for Business Leaders - Johnson Graduate School of Management, Cornell University, САД
- Executive Leadership - Johnson Graduate School of Management, Cornell University, САД
- Financial Management - Johnson Graduate School of Management, Cornell University, САД

**г) Познавање на странски јазици**

Англиски (одлично познавање), српско – хрватски (солидно), италијански (солидно), германски (основно).

**II. Професионално истражување и публикации:**

**2018**

Boshkovska, N.J., 2018. Risk transfer instruments as financial resilience against natural disasters for Republic of Macedonia. In *Economic Business management and Social Science (Book of Proceedings), 3rd International Conference on Economic Business Management and Social Science "Transformations in Economics and Business in the 21st Century",* August 7-11, Skopje, North Macedonia. pp. 91-94.

Boshkovska, N.J. and Poposki, K., 2018. Territorial marketing strategy- way ahead for economic development, *DOI 10.20544/HORIZONS.A.23.2.18.P16.* pp. 229-237.

Boshkovska, N.J., 2018. Comparative advantages of wine in function of territorial marketing strategy. *Journal of Contemporary Economic and Business Issues*, *5*(2), pp.5-18.

Nikolovska, N., Boshkovska, N.J., 2018. The perspectives of the Global Economy on Crossroad. *International dialog: East-West,* 5(1), pp. 11-16.

Boshkovska, N.J., 2018. 'System of Territorial Marketing- a Strategic Element for Development'. I*nternational dialog: East-West,* 5(1), pp. 11-16. (in Macedonian)

Nikolovska, N., Boshkovska, N.J. (2018) Toward New Strategy of Integration of Western Balkans. In *Economic and Social Development (Book of Proceedings), 31st International Scientific Conference on Economic and Social Development "Legal Challenges of Modern World",* June 7-8, Split, Croatia. pp. 337- 346.

**2015**

Temenugova, O.G., Boshkovska, N.J., 2015. The Global Crisis- A state rising many serious issues. *In Economic Recovery in the post-crisis period. 65go*, ISBN: 978-608-212-052-2. pp.188- 196.

**2010**

Jovanovska, N., Nikolovska, N., 2010. The big trade off of" New-Europe": convergence or divergence from USA model of capitalism. Co*gnitive Capitalism and Its Reflections in South-Eastern Europe, Peter Lang GmbH.* ISBN: 978-3-631-60461-8; ISSN:1864-483X. p.151.

**2009**

Jovanovska, N., 2009. Territorial Marketing strategy – a case study for the rural areas. In *Economic and Social Challenges and Problems – At the Time of Global Crisis and Integration*. Volume 2, Europrint, Tirana. ISBN: 978-99956-811-7-3. pp. 361-374.

Јовановска, Н., 2009. Техники за мотивација на вработените, главна алатка за остварување на компаниските цели, Универзитет на југоисточна Европа, Факултет за бизнис администрација, Volume 1, ISBN: 978-608-8503-25-5.

Јовановска, Н., 2009. Проблемите на даночната евазија во глобалната економија. Економија и Бизнис. ISSN: 1409 – 6781.

## ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ

Од досегашната образовна и практична работа д-р Јовановска-Бошковска е ориентирана кон интердисциплинарно проучување на повеќе тематики од областа на маркетингот и поврзувањето на истите со актуелната практика.

Врз основа на изнесените податоци за образовната и научната активност на д-р Надица Јовановска- Бошковска, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан и прогресивен стручен и научен развој. Научно-истражувачката работа на д-р Јовановска Бошковска е континуирана и ја потврдува нејзината ориентација за систематски пристап кон непосредната поширока област и проблематика што се однесува на предметите од областа за која таа конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна и стручна активност на д-р Јовановска- Бошковска, Комисијата оценува дека д-р Надица Јовановска-Бошковска ги исполнува предвидените законски и други услови и предлага на Советот на Институтот за претприемништво и лидерски развој, д-р Надица Јовановска- Бошковска да биде избрана во научно звање научен соработник од областа на маркетингот.

**Скопје,** **Рецензентска комисија**

**12.07.2019**

Вон. проф. Д-р Димитар Ковачевски, с.р.

Вон. проф. д-р Илијана Петровска, с.р.

Виш научен соработник д-р Јадранка Мршиќ, с.р.